**2 декември, 2015 г. – "Sardich MC" учествува во акцијата „Ден на дрвото - Засади ја својата иднина!"**

"Sardich MC", поддржани од невладината организација "Lions Club–Center"[1], активно учествуваа во настаните на акцијата „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина!" на *2 декември, 2015 г.* Со помош на "Sardich MC" се организира засадување во три региони од Република Македонија. Во Скопје, каде што се наоѓа седиштето на компанијата, вработените на "Sardich MC" предводени од директорот Бошко Сибиновски ги засадија подготвените садници.



Вработените на "Sardich MC" учествуваа во активностите за засадување нови дрвца во валандовскиот регион, каде што е лоцирана филијала од компанијата.



[1] "Lions Clubs International" е меѓународна секуларна, неполитичка услужна организација со повеќе од 46 000 локални клубови и повеќе од 1,4 милиони членови во повеќе од 200 земји низ светот, што ја прави најголемата општо-корисна организација во светот.

Понатаму, “Sardich MC” подготви садници за Општина Старо Нагоричане и ги засади во областа Петрошница, кумановско, каде што во моментот се извршуваат детални геолошки истражувања под капата на “Sardich MC”.



Извештајот на невладината организација “Lions Club—Center” наведува дека традицијата за пошумување на Македонија продолжила со засадување на 240 000 садници и исто така укажува на зголемување на учесниците во оваа акција, меѓу кои е и учеството на "Sardich MC". Вкупно од Република Македонија учествуваа околу 1000 луѓе во оваа акција, а оваа година им се придружија и вработените на "Sardich MC".

Добро познато е дека Денот на дрвото традиционално се одбележува низ целиот свет. Во Република Македонија оваа традиција започна во 2007 г., кога амбасадорот за мир на УНЕСКО, меѓународно признатиот баритон Борис Трајанов, го започна проектот за масовно пошумување на ненаселените делови на Македонија. Мотото на оваа акција се зборовите на Борис Трајанов: „Шумите се жители на нашата планета исто како што сме и ние, луѓето“.